| Предмет: **Германски јазик II година** | |
|---|---|
| Тема: Потрошувачка и одржливост (24 часа) 12 недели | |
| Изготвиле: Александра Минкова | од СУ: Јане Сандански |
| Адаптирале: | од СУ: |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Број на часови** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| -Запознавање на учениците со наставниот план и програма; | • | 1 | Прва недела од септември |
| • поставување прашање за нечие мислење<br>• училишна униформа<br>• мода и облека<br>• искажување мислење | • Правилно поставува прашања за нечие мислење.<br>• Препознава и разликува лексички средства во пишуван и во говорен текст на тема мода и облека.<br>• Го разбира значењето на лексичките средства при слушање и читање текстови на тема училишна униформа. | 2 | 1 и 2 недела од септември |
| • образложување на личното мислење<br>• изразување причинско-последичен однос<br>• зависносложени реченици со причинскиот подредник (подредувачки сврзник) *da*<br>• причинските прилози: *deshalb, deswegen, daher* и причинскиот предлошки прилог *darum* | • Одговара на прашања поврзани со училишни униформи и го образложува своето мислење.<br>• Составува зависносложени реченици со причинскиот подредник (подредувачки сврзник) *da*<br>• Ги идентификува спецификите на елементите во реченичната рамка во зависносложени реченици со причинскиот подредник (подредувачки сврзник) *da*<br>• Правилно ги користи причинските предлошки прилози: *deshalb, deswegen, daher* и причинскиот предлошки прилог *darum.* | 2 | 2 и 3 недела септември |
| • глаголи со предлошки објект: предлог + акузатив<br>• перифрастичен (аналитички) прирок<br>• изразување важност | • Образува реченици со глаголи со предлошки објект (предлог + акузатив).<br>• Ја анализира позицијата на реченичните сегменти („реченичи членови“) во реченичната рамка.<br>• Го препознава перифрастичниот (аналитички) прирок во реченица.<br>• Образува правилни реченици за да ја објасни важноста на некоја активност. | 2 | 3 и 4 недела септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • опишување значење на изрази, парафразирање | | | |
| • набројување предности и слабости на одржливиот начин на живеење<br>• потрошувачка<br>• реклама<br>• џепарлак | • Набројува примери за одржливиот начин на живеење.<br>• Анализира лични предности и слабости на одржливиот начин на живеење.<br>• Парафразира лексика на тема потрошувачката содржана во пишувани и во говорени текстови.<br>• Споредува лексички единици во германскиот и во мајчинот јазик.<br>• Правилно ја користи новонаучената лексика при формулирање искази на тема потрошувачка. | 2 | 1 недела октомври |
| • Одржливост<br>• трошоци за живот<br>• целниот прашален предлошки прилог *wozu*<br>• зависносложена реченица со целните подредници (подредувачки сврзници) *um … zu* и *damit* | • Споредува лексички единици во германскиот и во мајчинот јазик.<br>• Правилно ја користи новонаучената лексика при формулирање искази на тема одржливост.<br>• Правилно ги изговара, ги пишува и ги применува новонаучените лексички средства.<br>• Прави разлика меѓу целните подредници (подредувачки сврзници) *um … zu* и *damit* и умее да утврди дали е исполнет критериумот за употреба на *um … zu*-реченица.<br>• Констатира кои *damit*-реченици комутираат со *um … zu*-реченици, а кои не можат да се подложат на трансформацијата.<br>• Образува целни зависносложени реченици со подредниците (подредувачки сврзници) *um … zu* и *damit.* | 2 | 2 недела октомври |
| • инфинитивни реченици со *zu:*<br>▪ со полнозначен глагол:<br>▪ со перифрастичен (аналитички) прирок:<br>▪ со глаголот *sein* и придавка („глаголско-именски прирок“)<br>▪ со „модалитетниот“ глагол *brauchen* за одрекување: со *nicht* или со именка + одречниот членски збор *kein*: *brauchen …* | ▪ Образува инфинитивни реченици со *zu* како зависнореченична реализација на објект на полнозначен глагол.<br>▪ Образува инфинитивни реченици со *zu* како зависнореченична реализација на субјект или на објект на перифрастичен (аналитички) прирок.<br>▪ Образува инфинитивни реченици со *zu* како зависнореченична реализација на субјектот на глаголот *sein* + придавка („глаголско-именски прирок“).<br>▪ Образува реченици со „модалитетниот“ глагол *brauchen … nicht / kein … zu* + инфинитив. | 2 | 3 недела октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *nicht / kein…* … *zu* + инфинитивна конструкција | | | |
| • искажување наклонетост<br>• набројување предности и слабости на одржливиот начин на живеење<br>• трошоци за живот<br>• наведување примери | • Наведува примери за одржлив начин на живеење.<br>• Ги објаснува последиците од неодговорниот однос кон природата / животната средина и предностите од одржливиот начин на живеење со помош на дадени лексички средства.<br>• Набројува примери за одржливиот начин на живеење.<br>• Анализира лични предности и слабости на одржливиот начин на живеење.<br>• Ги применува дадените лексички средства за да искаже намера и цел.<br>• Наведува примери за прекумерна потрошувачка.<br>• Ги опишува и ги објаснува карактеристиките на одржливиот начин на живеење. | 2 | 4 недела октомври |
| • пишување приватно електронско писмо<br>• изразување предлог<br>• прифаќање предлог<br>• одбивање предлог | • Ги пренесува своите мисли, чувства и ставови во приватно електронско писмо.<br>• Користи правилни конструкции за да даде, да прифати и да одбие предлози во пишуван и во говорен исказ.<br>• Ги пренесува главните пораки во кратки пишувани текстови за потрошувачката од германски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики (медијација). | 2 | 1 недела ноември |
| • искажување намера и цел<br>• искажување лични искуства<br>• изговор на придавската наставка *-isch* /ɪʃ/<br>• изговор на придавската наставка *-lich* [lɪç] | • Ги применува дадените лексички средства за да искаже намера и цел<br>• Опишува лични искуства со џепарлакот.<br>• Точно ги изговара, ги пишува и ги применува новонаучените лексички средства, правилно ги употребува правописните и интерпункциските знаци и применува правилна реченична интонација. | 2 | 2 недела ноември |
| • опишување одржлив начин на живеење<br>• изговор на придавската наставка *-ig* [ɪç]<br>• интонација на исказна реченица<br>• интонација на прашална реченица *(W*-прашање*)* | • Ги опишува и ги објаснува карактеристиките на одржливиот начин на живеење.<br>• Споредува директни прашања со или без прашален збор.<br>• Точно ги изговара, ги пишува и ги применува новонаучените лексички средства, правилно ги употребува правописните и интерпункциските знаци и применува правилна реченична интонација. | 2 | 3 недела ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • интонација на прашална реченица *(Ja-/Nein*-прашање*)* | | | |
| • запознавање на учениците со културните, цивилизациските и општествените аспекти на германскојазичните земји.<br>• развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура. | • Идентификува разлики во еколошката свест кај граѓаните во сопствената земја и кај граѓаните во германскојазичните земји.<br>• Ги објаснува основните изрази и вредности што ги одразуваат културните практики во германскојазичните земји.<br>• Ги опишува сличностите и разликите меѓу одржливиот начин на живеење и волотерското ангажирање, користејќи релевантни примери. | 2 | 4 недела ноември |
| Оценување на наученото | По завршување на темата 1 час е предвиден за проверка на наученото (тест, контролно ливче и сл.) | 1 | |

| | |
|---|---|
| Предмет: **Германски јазик II година** | |
| Тема: ***МЕДИУМИ И КОМУНИКАЦИЈА***<br>Вкупен број часови: **18 часа (9 недели)** | |
| Изготвил/е: БРО | од СУ: Јане Сандански |
| Адаптирал/е: Александра Минкова | од СУ: |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Број на часови** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| • комуникација<br>• дигитални медиуми<br>• дигитални алатки<br>• опишување начини на информирање | • Препознава и избира лексички средства во пишуван и во говорен текст од областа на комуникацијата.<br>• Употребува лексички средства поврзани со дигиталните медиуми и алатки.<br>• Набројува извори на информирање со помош на дадени лексички средства.<br>• Ги пренесува главните пораки во пишуван текст од германски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики (медијација). | 2 | Прва недела од декември |
| • компјутерска опрема и активности<br>• активности на дружбените мрежи<br>• зборообразување: придавки изведени од глаголи со наставката -bar, која изразува дека големината може да се подложи на глаголското дејство<br>• зборообразување: придавки изведени од глаголи со наставката -bar, која изразува дека големината е способна да го врши глаголското дејство или е подобна да го трпи глаголското дејство; | • Препознава сличности и разлики меѓу лексичките средства во германскиот и во мајчинот јазик поврзани со компјутерската опрема и со активностите на дружбените мрежи.<br>Препознава и образува придавки од глаголи со наставката -bar.<br>• Ги разликува значењата на наставката -bar кај придавките изведени од глаголи. | 1 | Втора недела од декември |
| • искуства со дружбените мрежи<br>• опишување искуства со дружбените мрежи<br>• изразување мислење<br>• зборообразување: придавки изведени од именки со наставката -lich, која изразува припадност или својство; | • Користи лексички средства за опишување искуства со дружбените мрежи во приватно и во службено електронско писмо.<br>• Го наведува и го аргументира сопственото мислење за опасностите од прекумерното користење на дружбените мрежи<br>• Известува за настани и доживувања врзани за безбедноста на интернетот.<br>• Идентификува и образува придавки со наставката -lich.<br>• Ги разликува значењата на наставката -lich кај придавките изведени од именки. | 1 | Втора недела од декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • зборообразување: придавки изведени од именки со наставката -lich, која изразува повторливост/честота<br>• Реченична мелодија, акцентирање и паузи во реченици заради истакнување. | • Применува правилна реченична интонација со паузи во реченици заради истакнување. | | |
| • користење форми за пристојно однесување на друштвените мрежи<br>• генитив од определениот, неопределениот, одречниот и присвојниот членски збор<br>▪ машки род еднина<br>▪ среден род еднина<br>▪ женски род еднина<br>▪ множина | • познава и користи различни форми за пристојно однесување кога комуницира на дружбените мрежи.<br>• Ги препознава формите на определениот член кај именките во генитив.<br>• Точно го применува определениот член кај правилно деклинирани именки во генитив.<br>• Идентификува форми на неопределениот член кај именките во генитив.<br>• Точно го употребува неопределениот член кај правилно деклинирани именки во генитив еднина, т. е. точно го употребува нуловиот член во генитив множина.<br>• Препознава форми на одречниот членски збор кај именките во генитив.<br>• Точно го употребува одречниот членски збор кај правилно деклинирани именки во генитив.<br>• Идентификува форми на присвојниот членски збор кај именките во генитив.<br>• Точно го употребува присвојниот членски збор кај правилно деклинирани именки во генитив. | 2 | Трета недела од декември |
| • искажување предности на дружбените мрежи<br>• искажување слабости на дружбените мрежи<br>• сложени приредници (приредувачки сврзници):<br>• подредничкиот состав je … desto за изразување права и обратна пропорционалност | • Одговара на прашања во врска со предностите и со слабостите на дружбените мрежи.<br>• Опишува лични искуства со дружбените мрежи<br>• Ја анализира позицијата на сложените приредници (приредувачки сврзници) во реченичната рамка.<br>• Образува реченици со сложени приредници (приредувачки сврзници).<br>• Опишува правопропорционален и обратнопропоционален однос со подредничкиот состав je … desto. | 2 | Четврта недела од декември |
| • давање совети<br>• давање предупредување<br>• искажување неодредено време меѓу две гранични активности/определби<br>• искажување време определено со активност, датум итн.<br>• искажување време определено според возраста | • Формулира совети за користење на интернетот со помош на дадени лексички средства.<br>• Употребува јазични структури за да искаже предупредување.<br>• Прави разлика меѓу временските предлози со датив и со акузатив.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог ab со датив.<br>• Ги разликува значењата на временските предлози seit и ab и ги употребува со соодветното глаголско време.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог mit со датив<br>• Правилно го употребува временскиот предлог über со акузатив.<br>• Ги разликува значењата на временскиот предлог über. | 2 | Трета недела од јануар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • временскиот предлог mit со датив (за изразување време определено со возраста):<br><br>• временскиот предлог über со акузатив за изразување: а) временски опсег (како während) и б) пречекорување на временската граница<br><br>• временскиот предлог zu со датив за изразување време/термин или временски опсег во кој нешто се случува (кога нема атрибут пред именката во еднина, се врши слевање со определениот член):<br><br>• временскиот предлог zwischen со датив за изразување време/термин во определена временска рамка: | • Правилно го употребува временскиот предлог zu со датив.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог zwischen со датив.<br>• Ги пренесува главните пораки во пишуван текст од германски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики (медијација). | | |
| • изразување претпоставки<br><br>• опишување статистика и бројност<br>• искажување разделен однос<br><br>• опишување пропорционалност | • Набројува извори на информирање со помош на дадени лексички средства.<br>• Образува реченици за да изрази претпоставка.<br>• Опишува статистички податоци и количество.<br>• Ги пренесува главните пораки во пишуван текст од германски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики (медијација). | 2 | Четврта недела недела од јануар |
| • безбедноста на интернет<br><br>• изразување потврден составен (копулативен) однос на наброени елементи<br>• изразување одречен составен (копулативен) однос на наброени елементи | • Опишува настани од личното искуство поврзани со безбедноста на интернет<br>• Известува за настани и доживувања врзани за безбедноста на интернетот<br>• Ги пренесува главните пораки во пишуван текст од германски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики (медијација).<br>• Препознава сложени приредници (приредувачки сврзници): nicht nur … sondern auch, sowohl … als auch, weder … noch, entweder … oder<br>• Ги разликува копулативните (составни) сложени приредници: nicht nur … sondern auch, sowohl … als auch, , weder … noch од дисјунктивниот (разделен) подредник entweder … oder. | 2 | Прва недела од февруар |
| • искажување почеток на времетраење во иднината или во минатото<br>. | • Формулира прашања за почетокот на времетраењето на дејство/ситуација.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог seit со датив<br>• Образува реченици за да искаже почеток на времетраење што продолжува во даден период (сегашноста). | 2 | Втора недела од февруар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • искажување почеток на времетраење што почнало во минатото и продолжува во сегашноста (времето на зборување)<br>• искажување времетраење<br>• искажување крај на времетраење<br><br>• временскиот предлог ab со датив за изразување почеток на времетраење во иднината или почеток на времетраење во минатото што завршило пред сегашноста (времето на зборување):<br>• временскиот предлог bis со акузатив за изразување времетраење до определена временска граница: | • Образува реченици за да искаже завршок на времетраењето.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог ab со датив.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог bis со акузатив. | | |
| • радиотелевизија и печатени медиуми (аналогни медиуми)<br><br>• литература<br>• временскиот предлог während со генитив за изразување времетраење и истовременост<br>• причинскиот предлог wegen со генитив:<br>• временскиот предлог außerhalb со генитив за изрзување дека нешто не спаѓа во определена временска рамка (значење спротивно на während, über a):<br>• предлогот за место außerhalb со генитив за изрзување дека нешто не спаѓа во определена просторна рамка | • Користи извежбани лексички средства за да зборува или да пишува на тема радиотелевизија, печатени медиуми и литературата.<br>• Правилно ги изговара, ги пишува и ги применува новонаучените зборови на тема медиуми и комуникација.<br>• Прави разлика меѓу временските и причинските предлози со генитив.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог während со генитив.<br>• Правилно го употребува причинскиот предлог wegen со генитив.<br>• Правилно го употребува временскиот предлог außerhalb со генитив.<br>• Правилно го употребува предлогот за место außerhalb со генитив.<br>• Прави разлика при употебата на außerhalb како временскиот предлог и како предлог за место. | 2 | Трета недела од февруар |
| Оценување на наученото | По завршување на темата 1 час е предвиден за проверка на наученото (тест, контролно ливче и сл.<br>) | 1 | |

| |
|---|
| Предмет: **Германски јазик II година** |
| Тема ***ОПШТЕСТВЕН АНГАЖМАН (24 часа)*** |

| | |
|---|---|
| Изготвиле: Александра Минкова | од СУ: Јане Сандански |
| Адаптирале: | од СУ: |

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | Број на часови | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| • искажување заинтересираност<br>• искажување изненадување<br>• релативни реченици со релативна заменка во номинатив;<br>• релативни реченици со релативна заменка во акузатив: | • Поставува прашања за да изрази заинтересираност со помош на дадени лексички средства.<br>• Правилно изразува изненадување со помош на дадени лексички средства.<br>• Прави разлика меѓу релативни заменки во номинатив, во акузатив и во датив во еднина и во множина.<br>• Образува релативни реченици со релативни заменки во номинатив, во акузатив и во датив во еднина и во множина. | 2 | Четврта недела од Февруар |
| • поставување учтиви прашања ;<br>• релативни реченици со релативна заменка во датив;<br>• релативни реченици со предлог и со релативна заменка во акузатив и во датив;<br>• релативни реченици со *was* што (ги/ја) релативизираат: супстантивизирани придавки во суперлатив среден род еднина<br>• придавките *viel* и *wenig* употребени како неопределени заменки<br>• целата претходна реченица (релативно надоврзување) | • Правилно поставува учтиви прашања.<br>• Прави разлика меѓу релативни заменки во номинатив, во акузатив и во датив во еднина и во множина.<br>• Образува релативни реченици со релативни заменки во номинатив, во акузатив и во датив во еднина и во множина.<br>• Образува релативни реченици со предлог и релативна заменка во акузатив и во датив.<br>• Идентификува релативни реченици со *was.*<br>• Прави разлика меѓу релативните реченици со *was* како релативна заменка, која релативизира супстантивизирана придавка во среден род еднина, ги релативизира *viel* и *wenig* и ја релативизира целата преходна реченица.<br>• Правилно употребува релативни реченици со *was.* | 2 | Прва недела Март |
| • искажување причини за општествено ангажирање<br>• образложување причини за општествено ангажирање<br>• видови општествен ангажман<br>• институции за општествен ангажман | • Набројува и образложува причини за општествено ангажирање.<br>• Опишува волонтерска организација.<br>• Наведува примери за организирање младинска средба.<br>• Препознава и избира лексички средства врзани за општествениот ангажман во пишуван и во говорен текст. | 2 | Втора недела Март |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Употребува соодветни лексички средства при разменување лични искуства за волонтерскиот ангажман. | | |
| • футур I (презент од помошниот глагол *werden* и инфинитив I од полнозначниот глагол) за искажување:<br>• предвидување/прогноза<br>▪ намера/план<br>▪ претпоставка за настан/ситуација во сегашноста<br>▪ заповед<br>▪ опишување волонтерска организација | • Го препознава глаголското време футур I (презент од помошниот глагол *werden* и инфинитив презент од полнозначиот глагол) и ја идентификува употребата на футур I за изразување: предвидување/прогноза, намера/ план, претпоставена ситуација во сегашноста и заповед.<br>• Образува реченици со футур I.<br>• Набројува и образложува причини за општествено ангажирање.<br>• Опишува волонтерска организација.<br>• Наведува примери за организирање младинска средба.<br>• Анализира предности и слабости на општествениот ангажман. | 2 | Трета недела март |
| • *würde*-парафраза (конјуктив претерит од помошниот глагол *werden* и инфинитив презент од полнозначниот глагол) наместо конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) од полнозначниот глагол во главна реченица за изразување желба/намера | • Ја препознава *würde*-парафразата, наместо конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) од полнозначниот глагол и ја разликува од футур I.<br>• Правилно ја користи *würde*-парафразата во главна реченица за изразување желба/намера. | 1 | Четврта недела март |
| ▪ конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) од модалниот глагол *sollen* во главна реченица за изразување совет, препорака, барање и блага заповед | ▪ Искажува совет, препорака, барање и блага заповед со конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) од модалниот глагол *sollen.* | 1 | Прва недела април |
| • организирање младинска средба<br>• набројување предности и слабости на општествен ангажман<br>• работни задачи на волонтерите | • Наведува примери за организирање младинска средба.<br>• Анализира предности и слабости на општествениот ангажман.<br>• Препознава и избира лексички средства врзани за општествениот ангажман во пишуван и во говорен текст. | 2 | Втора недела април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • разменување искуства | • Употребува соодветни лексички средства при разменување лични искуства за волонтерскиот ангажман. | | |
| ▪ искажување хипотетички услов<br>▪ искажување нереален (неисполнет и неисполнив) услов<br>▪ конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) од полнозначните глаголи *sein* и *haben* и од модалниот глагол *können* во хипотетички/иреални условни зависносложени реченици (*wenn*-реченици) | ▪ Правилно формулира хипотетички услов.<br>▪ Искажува нереална желба со помош на дадени обрасци.<br>▪ Образува хипотетички/иреални условни зависносложени реченици (конјунктив претерит = („конјунктив I – сегашност“).<br>▪ Образува реченични структури во конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) од полнозначните глаголи *sein* и *haben* и со модалниот глагол *können* во хипотетички/иреални условни зависносложени реченици. | 2 | Трета недела април |
| • конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) од полнозначните глаголи *sein* и *haben* и од модалниот глагол *können* во хипотетички/иреални условни зависносложени реченици (невоведени зависни реченици)<br>• конјунктив плусквампефект („конјунктив II – минато“) во иреални условни *wenn*-реченици (за изразување неисполнет услов во минатото) со надреченица („главна“ дел-реченица) во конјунктив плусквамперфект („конјунктив II – минато“) или во конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“) | • Хипотетичките и иреалните зависносложени реченици ги образува со *wenn*-реченица и со невоведена зависна реченица со зборothред како во главна прашална Ja-/*Nein*-реченица.<br>• Образува иреални реченици за изразување неисполнет услов во минатото и условена ситуација во минатото (конјунктив плусквамперфект = „конјунктив II – минато“).<br>• Образува иреални реченици со неисполнет услов во минатото (конјунктив плусквамперфект =„конјунктив II – минато“) и условена ситуација во сегашноста (конјунктив претерит „конјунктив I – сегашност“).<br>• Хипотетичките и иреалните зависносложени реченици ги образува со *wenn*-реченица и со невоведена зависна реченица со зборород како во главна прашална Ja-/*Nein*-реченица.<br>• Образува иреални желбени реченици во конјунктив плусквампефект („конјунктив II – минато“). | 2 | Четврта недела април |
| • конјунктив плусквампефект („конјунктив II – минато“) во иреални условни невоведени зависни реченици (за изразување | • Хипотетичките и иреалните зависносложени реченици ги образува со *wenn*-реченица и со невоведена зависна реченица со зборород како во главна прашална Ja-/*Nein*-реченица. | 2 | Прва недела мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| неисполнет услов во минатото) со надречница („главна“ дел-реченица) во конјунктив плусквамперфект („конјунктив II – минато“) или во конјунктив претерит („конјунктив I – сегашност“)<br>• иреални желбени *wenn*-реченици во конјунктив плусквампефект („конјунктив II – минато“) за изразување извршено/неизвршено дејство) | • Образува иреални желбени реченици во конјунктив плусквампефект („конјунктив II – минато“). | | |
| • пишување електронско писмо за пријавување за волонтерска работа<br>• заштита на околината<br>• еколошки решенија | • Дава еколошки совети за штедење на природните ресурси и за заштита на животната средина со помош на дадени лексички средства.<br>• Опишува лично искуство на тема заштита на животната средина.<br>• Составува службено електронско писмо за да се пријави на оглас за волонтерски ангажман според дадени насоки.<br>• Ги пренесува главните пораки во пишуван текст од германски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики (медијација).<br>• Препознава сличности и разлики меѓу лексичките средства во германскиот и во мајчинот јазик.<br>• Користи новонаучени лексички средства при пишување приватно и службено електронско писмо. | 2 | Втора недела мај |
| • политички избори<br>• граѓанска иницијатива<br>• релативни реченици со *wo,* кои релативизираат изрази за место (прилошки определби, именски синтагми) | • Препознава и избира лексички средства врзани за општествениот ангажман во пишуван и во говорен текст.<br>• Препознава сличности и разлики меѓу лексичките средства во германскиот и во мајчинот јазик.<br>• Составува релативни реченици со *wo,* кои релативизираат изрази за место (прилошки определби, именски синтагми). | 2 | Трета недела мај |
| • давање совети<br>• изговор на долгите и на кратките слоготворни самогласки; | • Ги пренесува главните пораки во пишуван текст од германски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики (медијација).<br>• Разликува долги и кратки самогласки.<br>• Го разликува изговорот на самогласките во зависност од гласовната околина во зборот. | 2 | Четврта недела мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Правилно изговара зборови со долги и со кратки самогласки и применува правилна реченична интонација. | | |
| Оценување на наученото | По завршување на темата 1 час е предвиден за проверка на наученото (тест, контролно ливче и сл.) | 1 | |

| Предмет: **Германски јазик** | | | |
|---|---|---|---|
| Тема ***КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА*** | | | |
| Изготвиле: Александра Минкова | од СУ: Јане Сандански | | |
| Адаптирале: | од СУ: | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Број на часови** | **Период на реализација** |
| • развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура.<br>• Учениците се запознаваат со културните белези на германскојазичните земји и развиваат позитивни ставови, со што се оспособуваат за снаоѓање во мултикултурните општества и за уважување на богатството и вредностите на сопствената култура.<br>• Меѓукултурната комуникациска компетенција опфаќа разбирање и општење со изворни говорители на германскиот јазик. | • Идентификува разлики во еколошката свест кај граѓаните во сопствената земја и кај граѓаните во германскојазичните земји.<br>• Ги објаснува основните изрази и вредности што ги одразуваат културните практики во германскојазичните земји.<br>• Наведува примери за историски или за општествени фактори што влијаеле врз развојот на начинот на информирање и на демократскиот начин на политичко изразување.<br>• Ги опишува сличностите и разликите меѓу одржливиот начин на живеење и волотерското ангажирање, користејќи релевантни примери.<br>• Ги препознава и ги толкува културните карактеристики и го објаснува нивното значење.<br>• Ги применува стекнатите јазични вештини и знаењата за културата и за ситуации што изискуваат интеркултурна комуникација. | 2 | Прва/ втора недела јуни |